# ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА

# ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**по Јавен тендер број 0201-626/17**

**Скопје, Ноември 2021**

Во Тендерската документација по Јавен Тендер број 0201-626/17 , заведена под наш број 0201-626/20 од 07.10.2021година ,

1. Точката 10 се менува и гласи :
   **„Документација и понуда“.**

2. Точката 10.3 алинеата 7 се менува и гласи:**„Изјава за сериозност од овластеното лице на понудувачот, заверена на Нотар, која се доставува како Прилог А8. Образецот е даден како прилог А8 од оваа тендерска документација.**

3. Точката 10.6 се брише

4. Точката 11. се менува и гласи:
   **„Донесување на Одлука за избор на давател на универзална услуга, склучување на Договор и Банкарска Гаранција“**

5. По точката 11.4 се додава нова точка 11.5 која гласи:

   **„ Избраниот кандидат по приемот на Известувањето за избор на давател на универзална услуга доставува во рок од 3 работни дена Банкарска гаранција за квалитетно исполнување на обврските од Договорот во висина од 5% од понудениот износ на надомест од компензацискиот фонд за универзална услуга за која што е избран.**

   **Рокот на важност на банкарската гаранција е како што следи :**

   - **за услугата за обезбедување на пристап на фиксна локација и обезбедување на телефонски услуги рокот на банкарската гаранција треба да започнува од 01.01.2022 и да трае заклучно со 14 Јануари 2027**

   - **за услугата обезбедување на целосен телефонски именик и целосна телефонска служба за информации рокот на банкарската гаранција треба да започнува од 01.04.2022 и да трае заклучно со 14 Април 2027**

   - **за услугата обезбедување на јавни телефонски говорници или други јавни пристапни точки за обезбедување на говорни телефонски услуги рокот на банкарската гаранција треба да започнува од 01.01.2022 и да трае заклучно со 14 Јануари 2027.**

   **Доколку избраниот кандидат за давател на универзална услуга не достави Банкарска гаранција во рок од 3 работни дена по добиеното Известување за избор на давател на универзална услуга , Агенцијата ќе пристапи кон постапка на склучување на Договор со следниот рангиран кандидат за предметната услуга. “**

**6. Во Дел III – Прилози , по прилогот А7 се додава нов прилог А8**

**Наш број** 0201-626/27

**Скопје** 19.11.2021

**Агенција за електронски комуникации**

**Директор**

**Jeton Akiku**

**ПРИЛОГ А8**

**Изјава за сериозност**

# И З Ј А В А

Јас долупотпишаниот, под полна морална , материјална и кривична одговорност , изјавувам дека како одговорно лице на понудувачот ............................................................... (назив на понудувачот) како учесник во постапката по јавен тендер број 0201-626/17 , доколку бидеме избрани за давател на универзална услуга за

...........................................................................................................................................

навремено ќе доставиме банкарска гаранција за квалитетно исполнување на обврските согласно точка 11.5 од Тендерската документација по Јавен Тендер број 0201-626/17 .

Одговорно лице............................ Датум............................